**Република Северна Македонија**
**Основен суд Струга**
**СУ-07 бр. 35/19**
**20.09.2019 година**
**С т р у г а**

Судски администратор на Основниот суд Струга, Ристо Настоски, врз основа на чл. 36.ст.1 од Законот за судска служба ( Сл. весник број 43/14 од 04.03.2018 година , бр. 198/18 од 31.10.2018 година) врз основа на објавен оглас бр 2/2019 СУ-04.бр.27/19 од 07.08.2019 година на Основниот суд Струга, а по спроведената постапка за вработување на судски службеник, Судски референт – дактилограф, 1-еден извршител, на ден 20.09.2019 година, ја донесе следната :

## О Д Л У К А
## - за избор на Судски референт–дактилограф

Судскиот администратор на Основниот суд Струга, врз основа на Конечната ранг листа СУ-04.бр.27/19-1 од 19.09.2019 година од постапката за вработување и Предлог на кандидат за вработување СУ-04.бр.27/19-1 од 19.09.2019 година, доставен од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник во Основниот суд Струга за работно место Судски референт – дактилограф, 1-еден извршител, шифра СУД 0201Г03001, **ГО ИЗБИРА** кандидатот

**Елена Матлијовска.**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за засновање на работен однос за работно место Судски референт – дактилограф во Основен суд Струга.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Струга објави Оглас за вработување на еден судски службеник, Судски референт – дактилограф, под број 2/2019 СУ-04.бр.27/19 од 07.08.2019 година, во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“.

Од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник, во Основниот суд Струга до Судскиот администратор на Основниот суд Струга, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 35 ст. 1 од Законот за судска служба беше доставена Конечната ранг листа СУ-04.бр.27/19-1 од 19.09.2019 година од постапката за вработување и Предлог на кандидат за вработување СУ-04.бр.27/19-1 од 19.09.2019 година, за работното место Судски референт – дактилограф, 1-еден извршител.

Со предлогот, Комисијата, на Судскиот администратор, согласно член 35 ст.1, му го предложи најдобро рангираниот кандидат за работното место Судски референт – дактилограф, 1-еден извршител и тоа кандидатот Елена Матлијовска.

Судскиот администратор имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и Предлогот на кандидат за вработување доставени од Комисијата за селекција за вработување на судски службеник при Основниот суд Струга, а постапувајќи согласно чл. 36 ст.1 од Законот за судска служба го изврши следниот избор:

**За работното место Судски референт – дактилограф, во Основниот суд Струга, 1-еден извршител, шифра СУД 0201Г03001, го избира кандидатот Елена Матлијовска.**

При изборот на кандидатот Судскиот администратор ја имаше предвид Конечната листа и предлогот од Комисијата за вработување на судски службеник, остварените резултати од административната селекција, покажаните резултати од испитот, како и од интервјуто спроведено од страна на Комисијата врз основа на што ја донесе оваа одлука.

Од Основниот суд Струга, на ден 20.09.2019 година.

**Судски администратор,**
Ристо Настоски

**Поука:** Кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Основниот суд Струга, до Советот на судска служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на писменото известување за извршен избор.
**Д-на:** Елена Матлијовска

**Одлуката за избор од страна на судскиот информатичар да се објави на интернет страницата и огласната табла на судот.**